**MAKEDONSKA RADIO TELEVIZIJA**
Bul. Goce Del~ev bb 1000 Skopje,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 154.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 25.06.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека, Косана Мазнева Николиќ. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,154.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 153 седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Програма за развој на нови програмски сервиси-Канал 103.

3. Разгледување и усвојување на Предлог Одлука за покривање на пренесена загуба од мината година по годишна сметка и финансиски извештаи на ЈРП МРТ за 2020 година

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 153.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 153.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 153.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 153.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Програма за развој на нови програмски сервиси-Канал 103.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац во воведот на своето излагање се осврна на Мислењето на правната служба во делот со кој се наведува дека со бришењето на ставот 9 од членот 107 од Законот за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги, Програмскиот совет на МРТ веќе нема јасна и прецизна законска надлежност да одлучува за бројот на прогамските сервиси. А исто така што се однесува до насоката за измена на Статутот со кој би се утврдила надлежноста на Програмскиот совет на МРТ да одлучува за програмските сервиси, Мислењето на Правната служба е дека Статутот на МРТ треба да биде донесен врз основа на Законот за ААВМУ, а надлежностите имплементирани во истиот треба да се темелат на законските надлежности. На крајот на Мислењето, Правната служба упатува МРТ со писмен допис да се обрати до Собранието на Македонија и да побара мислење од законодавно-правната комисија во насока на расчистување на дилемата која е создадена со бришењето на ставот 9 од членот 107 од Законот за ААВМУ. Претседателката истакна дека иако лично е да се донесе одлука, сепак смета дека можеби е најправилно да се побара мислење од Собранието.
На излагањето на Претседателката на Програмскиот совет на МРТ се надоврза Ристе Панов кој кажа дека со измените од 2018 година на ЗААВМУ и бришењето на ставот 9 од членот 107 никој нема конкретна надлежност да може да одлучува за бројот на програмските сервиси на МРТ, но дека во Законот утрвдено е минимумот на програмски сервиси со што се јавува правна празнина, односно се поставува прашањето кој е тој што може да утврди колку програмски сервиси ќе има на МРТ. Напомена дека со измената на Статутот треба да се дорегулира тоа што не е опфатено со Законот и исткана дека треба да се побара мислење од Собранието. На прашањето на Претседателката дали е подобро Програмскиот совет на МРТ да го изгласа ова барање или пак прво да се впушти во промена на Статутот со која би се утврдила надлежноста да утврдување на програмските сервиси, и дали таа постапка би била во согласност со Законот? На тоа Ристе Панов одговори дека доколку Собранието си нема утврдено исклучива надлежност тоа да го утврдува бројот на прогамските сервиси на МРТ, тогаш во оваа ситуација имаме правна празнина, а се што со закон не е регулирано е слободно и не претставува прекршок. Но за да се биде на чисто, прво да се обратиме до Собранието на РМ.
Престедателката на Програмскиот сеовет истакна дека доколку се прифати опцијата а се промени Статуто тогаш работата ќе се заврши побрзо, а доколку се одлучи да се бара Мислење од Собранието тогаш тоа нема да биде за брзо време.
Ведат Мемедалија Заменик на претседател на Програмскиот совет на МРТ се вклучи во дискусијата и истакна дека согласно Мислењето на Правната служба и измената на Статутот треба да биде донесен врз основа на Закон, а наделжностите имплементирани во истиот треба да се темелат на законските надлежности и истакна дека не треба да се менува Статутот туку дека треба да се побара Мислење од Собранието.
Снежана Клинчарова истакана дека да се испрати писмо со објаснување за ситуацијата во која се наоѓа Програмскиот совет е едно, а барањето на автентично толкување е сосема друго и смета дека треба да се направи и едното и другото. Притоа истакна дека е против промена на Статутот, со оглед на тоа дека во Законот не е предвидена надлежноста за

утврдување на бројот на програмски сервиси, иако лично е да се реши проблемот на Канал 103 смета дека треба да се работи согласно Закон.
За збор се јави Златко Јанковски кој истакна дека во Мислењето од Правната служба не пишува дека со прифаќањето на барањето да се утврди Канал 103 како нов прогрмаски сервси на МРТ дека е спротивно на Законот, туку дека не е јасно и дека не може прецизно да се даде насока. Истакна дека за него е јасно дека се што не е забрането со Закон е дозволено и дека не го интересираат мотивите дали бришењето на ставот 9 е техничка грешка или тоа е намерно или ненамерно направено, меѓутоа во Законот пишува колку најмалку канали има МРТ, а не колку најмногу канали има МРТ. На крај истакна дека не гледа правна пречка зашто де не се донесе одлуката за Канал 103 и исто така напомена дека има позитивно мислење и од Надзорниот одбор на МРТ.
Гајур Рамадани истакна дека го дели мислењето со останатите колеги, со исклучок на мислењето на Златко Јанковски. Понатака напомена дека со измената на членот 107 и бришењето на ставот 9 од ЗААВМУ на Програмскиот совет му е одземена надлежноста да го утврди бројот на програмски сервиси на МРТ и исто така смета дека теба да се побара автентично толкување од Собранието како би се расчистиле правните дилеми.
Понатака се отвори дискусија на кој начин да се делува, онсносно дали да се менува Статутот на МРТ или да се пуштат две писма, едно до Министерството за информатичко општество и администрација и едно до Собранието на РС Македонија.

Писмо до МИОА

Врз основа на Вашето Мислење бр.11/1-1572/2 од 11.06.2020 година, според кое Програмскиот совет на МРТ има надлежност да одлучува за повеќе од минимум пропишаните програмски сервиси утврдени со член 107 од Законот за аудио и адуиовизуелни медиумски услуги, бараме од Вас да ни дадете насока на кој начин да ја спроведеме постапката Канал 103 да го утврдиме како нов програмски сервис во рамките на ЈРП МРТ, дали со доделување на надлежноста преку измена и дополнување на Статутот на ЈРП МРТ или со некој друг правен механизам.

Писмо до Собрание

Врз основа на Мислењето бр.11/1-1572/2 од 11.06.2020 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, според кое Програмскиот совет на МРТ има надлежност да одлучува за повеќе од минимум пропишаните програмски сервиси утврдени со членот 107 од Законот за аудио и аудиовизулени медиумски услугу, бараме мислење од Вас дали согласно Законот за ААВМУ, Програмскиот совет на МРТ е надлежен да одлучува за повеќе од минимум пропишаните со Закон програмски сервиси имајќи во предвид дека со измените на Законот за ААВМУ од 2018 година избришан е ставот 9 од член 107 на законот со кој се предвидуваше дека бројот на програмските сервиси го утврдува Програмскиот совет на МРТ на предлог на Директорот на МРТ?
Доколку Програмскиот совет на МРТ е надлежен за утврдување на бројот на програмски сервиси на МРТ, врз основа на што може да донесе таква Одлука? Дали со доделување на надлежноста преку измена и дополнување на Статутот на ЈРП МРТ или со некој друг правен механизам?

Писмата беа донесени со 8 гласа за и 3 гласа воздржани.

**ТОЧКА 3: Разгледување и усвојување на Предлог Одлука за покривање на пренесена загуба од мината година по годишна сметка и финансиски извештаи на ЈРП МРТ за 2020 година.**

По однос на оваа точка образложение даде Горан Атанасов – Директор на Заеднички функции и администрација. Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по дискусијата предложи Програмскиот совет на МРТ ја донесе следната **Одлука**

## ОДЛУКА

**за покривање на пренесена загуба од мината година по годишната сметка и финансиските извештаи на ЈРП МРТ за 2020 година**

Остварената нето добивка во 2020 година во вкупен износ од 65.748.914,00 денари се распоредува за покривање на загубата на ЈРП МРТ од поранешна година искажана во билансот на успех за 2019 и тоа на следниот начин:

- Пренесена загуба од 2019 година, се покрива од остварената нето добивка во 2020 година во износ од 65.748.914,00 денари

1. Се задолжува Секторот за финансиско работење/одделение за сметководство да ја спроведе оваа Одлука.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 484 од Законот за трговски друштва (Службен весниk на РМ бр.28/04....... 120/1818 и Службен весник на РСМ бр.290/20), надлежниот орган на друштвото одлучува за покривање на загубата , поради што се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлуката беше едногласно усвоена.

**ТОЧКА 4: Разно**
-По оваа точка немаше дискусија.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател